РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
Бр. 08-1241/2
29.09 2022 год.
ДЕМИР ХИСАР

Архивски знак 01/0101
Рок на чување „Т"
30.12.2022 г. Потпис

**ПРАВИЛНИК**

# за начинот на спроведување на селекција при унапредување на вработените во ТППЕ Демир Хисар

**Демир Хисар, октомври 2022**

Врз основа на член 50 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02) и член 11-к став 4 од Законот за пожарникарството пречистен текст („Службен весник на Република Македонија" бр.39/16) и Законот за изменување на Законот за пожарникарство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.152/2019), Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за начинот на спроведување на селекција при унапредување на вработените во ТППЕ Демир Хисар**

**Член 1**

Постапката на унапредување има за цел да им овозможи на вработените во територијалните единици кариерно напредување, односно преминување од пониски, на повисоки работни места.

Унапредувањето се врши во транспарентна постапка, со објавување на интерен оглас, врз основа на професионалните квалитети и квалификации на работникот, неговите работни способности, завршените обуки во текот на работниот однос и начинот на извршување на работните обврски, независно од полот, расата, бојата на кожата, политичкото и верското уверување и националната припадност.

**Член 2**

Интерниот оглас се објавува на интернет страницата на Општина Демир Хисар www.demirhisar.gov.mk, како и на огласната табла во ТППЕ Демир Хисар.

Спроведувањето на постапката за унапредување го врши Комисија за спроведување на постапката за интерен оглас, која ја формира Градоначалникот и е составена од пет членови, вработени во Општина Демир Хисар.

Постапката за унапредување се состои од две фази и тоа: административна селекција и интервју.

Првата фаза се спроведува најдоцна 15 дена од денот на истекот на рокот за пријавување а втората најмногу 5 дена од завршувањето на првата фаза.

За секоја фаза Комисијата составува записник и го предава на Градоначалникот на понатамошна постапка, кој понатаму врши избор од кандидатите кои ги исполнуваат условите предвидени во интерниот оглас.

Доколку ниту еден кандидат не ги исполнува условите за унапредување, постапката се прекинува во било која фаза.

Начинот на спроведување на селекција ке се врши со бодување и составување на ранг-листа на кандидати, од страна на Комисија составена од пет члена, вработени во Општина Демир Хисар, врз основа на исполнетоста на условите пропишани во интерниот оглас.

Решение за избор на прво-рангиран кандидат донесува Градоначалникот на Општина Демир Хисар.

Решение за неизвршување на избор или прекинување на постапката донесува Градоначалникот на Општина Демир Хисар.

**Член 3**

Вработениот може да биде унапреден на друго работно место, доколку ги исполнува следниве услови:

-работното место на кое се унапредува е слободно,

-во целост ги исполнува условите утврдени во актот за систематизација на работните места за работното место на кое се врши унапредувањето,

-бил оценет со оценка А или Б на оценувањето во годината пред унапредувањето согласно со членот 11-ј од Законот за пожарникарство,

-ги исполнува работните компетенции предвидени за работното место на кое се унапредува,

- е распореден на ниво непосредно пониско од нивото на кое се унапредува,

-поминале најмалку две години од неговото последно унапредување и

-во последната година не бил казнуван поради кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски утврдени со закон.

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 (пет) дена, сметано од денот на објавување на огласот.

**Член 4**

На интерниот оглас може да се јават професионални пожарникари вработени Територијална противпожарна единица во Општина Демир Хисар, кои ги исполнуваат општите и посебните услови и работни компетенции за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво согласно Законот за пожарникарство, Законот за работните односи и во Правилникот за систематизација на работните места во Општина Демир Хисар.

Заинтересираните професионални пожарникари поднесуваат пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на Општина Демир Хисар до Комисијата за спроведување на постапката за интерен оглас, со назнака за интерен оглас како и на електронска адреса opstinademirhisar@yahoo.com.

Пријавата е составен дел на овој Правилник и е опишана во Образец 1, кој е составен дел на овој Правилник.

Пријавата содржи:
-име и презиме,
-тековно работно место,
-ниво,
-работно искуство.

Кон пријавата кандидатите можат да ги приложат и потврди за успешно реализирани обуки.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази се верни на оригиналот.

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава нема да биде предмет на разгледување.

Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата ќе се дисквалификува од натамошна постапка.

**Член 5**

Овој Правилник влегува во сила на денот на неговото донесување, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Демир Хисар".

Подготвил

Игор Дамјаноски

Јасмина Василеска Перчаковска

Број: 08-1241/2
29.09.2022 година
Демир Хисар

Градоначалник
на Општина Демир Хисар,
Никола Најдовски
-----------------------

Образец број 1

**ПРИЈАВА**
**за унапредување на професионален пожарникар**
**преку ИНТЕРЕН оглас**

| Број на оглас | | **Приемен штембил**<br><br>**архива на Општина Демир Хисар** | |
|---|---|---|---|
| Реден број на работно место за кое аплицирате | | | |

**Лични податоци**

| | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| Датум и место на раѓање | |
| Адреса и место на живеење | |
| Електронска адреса | |
| Контакт телефон | |
| Етничка припадност | |

**Образование**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Образовна институција | | | | | |
| Насока на завршено образование | | | | | |
| Степен на образование | | | | | |

**Работно искуство**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Тековно работно место | | | | | |
| Ниво и работно искуство | | | | година | месеци |
| Област во која е стекнато работното искуство | | | | | |
| Вкупен работен стаж искуство | | | | | |

**Кратко мотивациско писмо**

| |
|---|
| |

**Кратка биографија**

| |
|---|
| |

**Изјава за исполнување на општите услови**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Државјанин на Република Северна Македонија, | ДА | | НЕ | |
| Активно го користи македонскиот јазик | ДА | | НЕ | |
| Полнолетен | ДА | | НЕ | |
| Има општа здравствена способност за работното место | ДА | | НЕ | |
| Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност | ДА | | НЕ | |

**Доставени документи и докази за исполување на општите и посебните услови**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Диплома за завршено образование | ДА | | НЕ | |
| Уверение за државјанство | ДА | | НЕ | |
| Докази за работното искуство | ДА | | НЕ | |
| Доказ дека во целост ги исполнува условите утврдени во актот на систематизација на работни места за работно место на кое се врши унапредувањето | ДА | | НЕ | |
| Доказ дека ги исполнува работните компетенции предвидени за работното место на кое се унапредува | ДА | | НЕ | |
| Да е оценет со оцена „А“ или „Б“ на оценувањето во годината пред унапредувањето | ДА | | НЕ | |
| Да е распореден на ниво непосредно пониско од нивото на кое се унапредува; | ДА | | НЕ | |
| Да поминал најмалку две години од неговото последно унапредување | ДА | | НЕ | |
| Доказ дека последната година не бил казнуван поради кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски утврдени со закон | ДА | | НЕ | |

Согласен сум личните податоци наведени во пријавата да се користат исклучиво за цели на постапката на унапредување по пат на Интерен оглас во Општина Демир Хисар.

Воедно, под материјална и кривична одговорност потврдувам дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оргиналот.

**Податоци за подносителот на пријавата**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис | | Датум на поднесување | |

Пријавата и потребните документи се доставуваат до архива при Општина Демир Хисар, до Комисијата за спроведување на постапката по интерен оглас ул.„Битолска" бр.8.